Врз основа на член 7 став 1 од Законот за рестриктивни мерки („Службен весник на Република Македонија" број 190/17) Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 29 септември 2020 година, донесе

# ОДЛУКА
## за воведување на рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/651 на Советот од 14 мај 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 во однос на рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки

**Член 1**

Со оваа одлука се воведуваат рестриктивни мерки согласно Одлуката (ЗНБП) 2020/651 на Советот од 14 мај 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 во однос на рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки.

**Член 2**

Оваа одлука се однесува на следниве видови рестриктивни мерки:

- ембарго на стоки и услуги;
- финансиски мерки,
- забрана за влез во Република Северна Македонија;
- други рестриктивни мерки согласно меѓународното право

**Член 3**

Се определуваат Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии - Управата за финансиско разузнавање за надлежни органи за спроведување на рестриктивните мерки.

**Член 4**

Одлуката (ЗНБП) 2020/651 на Советот од 14 мај 2020 година за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 во однос на рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки во оригинал на англиски и во превод на македонски јазик е дадена во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 5**

Рестриктивните мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки ќе се применуваат до 18 мај 2021 година.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр.44-8705/1
29 септември 2020 година
Скопје

ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

м-р Артан Груби

# COUNCIL DECISION (CFSP) 2020/651

## of 14 May 2020

## amending Decision (CFSP) 2019/797 concerning restrictive measures against cyber-attacks threatening the Union or its Member States

THE COUNCIL OF THE EUROPEAN UNION,

Having regard to the Treaty on European Union, and in particular Article 29 thereof,

Having regard to the proposal from the High Representative of the Union for Foreign Affairs and Security Policy,

Whereas:

(1) On 17 May 2019, the Council adopted Decision (CFSP) 2019/797 [1] concerning restrictive measures against cyber-attacks threatening the Union or its Member States.

(2) Decision (CFSP) 2019/797 applies until 18 May 2020. On the basis of a review of that Decision, the restrictive measures set out therein should be extended until 18 May 2021.

(3) Decision (CFSP) 2019/797 should therefore be amended accordingly,

HAS ADOPTED THIS DECISION:

*Article 1*

Article 10 of Decision (CFSP) 2019/797 is replaced by the following:

'*Article 10*

This Decision shall apply until 18 May 2021 and shall be kept under constant review. It shall be renewed, or amended as appropriate, if the Council deems that its objectives have not been met.'.

*Article 2*

This Decision shall enter into force on the day following that of its publication in the *Official Journal of the European Union*.

Done at Brussels, 14 May 2020.

*For the Council*

*The President*

G. GRLIĆ RADMAN

---

(1) Council Decision (CFSP) 2019/797 of 17 May 2019 concerning restrictive measures against cyber-attacks threatening the Union or its Member States (OJ L 129I, 17.5.2019, p. 13).

**ОДЛУКА (ЗНБП) 2020/651 НА СОВЕТОТ**

**од 14 мај 2020 година**

**за изменување на Одлуката (ЗНБП) 2019/797 во однос на рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА,

Имајќи го предвид Договорот за Европската унија, а особено член 29 од истиот,

Имајќи го предвид предлогот на Високиот претставник на Унијата за надворешни работи и безбедносна политика,

Со оглед на тоа што:

(1) На 17 мај 2019 година, Советот ја усвои Одлуката (ЗНБП) 2019/797[1] во однос на рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки.

(2) Одлуката (ЗНБП) 2019/797 се применува до 18 мај 2020 година. Врз основа на преиспитување на таа одлука, рестриктивните мерки утврдени во неа треба да бидат продолжени до 18 мај 2021 година.

(3) Затоа, Одлуката (ЗНБП) 2019/797 треба соодветно да се измени,

ЈА ДОНЕСЕ ОВАА ОДЛУКА:

*Член 1*

Член 10 од Одлуката (ЗНБП) 2019/797 се заменува со следново:

„*Член 10*

Оваа одлука се применува до 18 мај 2021 година и редовно се преиспитува. По потреба се продолжува или изменува, доколку Советот смета дека нејзините цели не се постигнати.".

*Член 2*

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на нејзиното објавување во *Службениот весник на Европската унија.*

Брисел, 14 мај 2020 година

*За Советот*

*Претседател*

[1] Одлука (ЗНБП) 2019/797 на Советот од 17 мај 2019 година во однос на рестриктивни мерки против сајбер напади кои претставуваат закана за Унијата или нејзините земји членки (Сл. весник L 129I, 17.5.2019 година, стр. 13).